**20252464786**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 64-б став (7) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА, ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на самоевалуацијата, формата, содржината и начинот на изготвување на извештајот за извршената самоевалуација.

Член 2

Самоевалуацијата во средните училишта се спроведува во четири фази:
- подготовка;
- собирање податоци;
- анализа на податоците и
- изготвување на извештај.

Член 3

Во фазата на подготовка се:

- објаснува на вработените во средното училиште целта на самоевалуацијата и текот на процесот и
- јакнат капацитетите на членовите на тимовите за самоевалуација (запознавање на членовите на тимовите со индикаторите на квалитет за подрачјето на кое ќе работат, начинот на кој ќе ги обезбедат и прибираат доказите, начинот на кој ќе ги обработуваат и толкуваат податоците и начинот на кој ќе ги образложуваат наодите и обработените податоци за своето подрачје).

Во фазата собирање податоци се:

- определуваат методите за собирање податоци, се обезбедуваат докази и изработка/доработка на инструментите за самоевалуација и
- определуваат примероци за анкети, фокус групи, испитаници за длабински интервјуа, дистрибуција на анкети за учениците, родителите/старателите, наставниците, стручните соработници и членовите на заедницата, спроведување интервјуа и дискусии во фокус групи со различните чинители и собирање и прегледување на релевантни документи.

Во фазата анализа на податоците се врши обработка и анализа на квантитативните и квалитативните податоци, организација на собраните податоци на системски начин, според индикаторите и темите, толкување на наодите, идентификување силни страни, слаби страни и приоритети на средното училиште по подрачја.

Во фазата на изготвување на извештај, се изготвува извештајот, врз основа на кој се подготвуваат акциски планови за унапредување на работата на училиштето.

Член 4

Формата и содржината на извештајот за извршената самоевалуација во средното училиште, се дадени на образец кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и подрачјата за вршењето на самоевaулацијата на средните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/14).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-15178/1
4 декември 2025 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

**Прилог**

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште ______________________________________________ за учебните години __________ _____________.

Врз основа на Законот за средното образование, средното училиште ___________________________ спроведе самоевалуација на работата и постигнувањата за учебните __________________ години.

За таа цел, директорот на средното училиште формираше Комисија за спроведување на самоевалуацијата за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште (во натамошниот текст: Комисијата), во следниот состав:

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот _________________ година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на ____________ година, Комисијата ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето. Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Наставни планови и програми;** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето** |
| **Силни страни** |
| **Слаби страни** |
| **Приоритети** |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето** |
| **Силни страни** |
| **Слаби страни** |
| **Приоритети** |

| **Подрачје 3: Учење и настава** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето** |
| **Силни страни** |
| **Слаби страни** |
| **Приоритети** |

| **Подрачје 4: Поддршка на учениците** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето** |
| **Силни страни** |

| **Слаби страни** |
| --- |
| **Приоритети** |

| **Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето;** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето** |
| **Силни страни** |
| **Слаби страни** |
| **Приоритети** |

| **Подрачје 6: Ресурси** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето** |
| **Силни страни** |
| **Слаби страни** |
| **Приоритети** |

| **Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политики.** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето** |
| **Силни страни** |
| **Слаби страни** |
| **Приоритети** |

| **Подрачје 8: Соработка со пазарот на труд.** [1] |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето** |
| **Силни страни** |
| **Слаби страни** |
| **Приоритети** |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на воспитно – образовната работа во средното училиште**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________________________________________

**Комисија за спроведување на самоевалуацијата за сопствената работа**

**и постигнувањата на средното училиште:**

Име и презиме и потпис

________________________________

________________________________

________________________________

________________________________

________________________________

[1] пополнува само установа за стручно образование и обука